### В НЕДЕЛА ЗАПОЧНУВА "КРУШЕВО ЕТНОГРАД"

# Поп-ѕвезди и политичари како комити

Викендов Крушево беше во знакот на подготовките за манифестацијата "Крушево етноград", која ќе започне в недела. Хотелите и приватните вили беа преполни и поради гостите на прилепскиот фестивал на пивото, кои го избраа Крушево како блиска дестинација за сместување. Хотелиерите и сопствениците на ресторантите очекуваат добар ќар и следниот викенд.

Од недела, Крушево повторно се враќа во времето на Илинденското востание. Започнува манифестацијата "Крушево етноград", која свечено ќе биде отворена в недела, 24 јули, во 18 часот, пред споменикот Илинден.

- Стотина револуционери, облечени како комити, турски аскер и во народни носии, ќе ги внесат туристите во историскиот времеплов и заедно ќе уживаат во убавините и во традицијата на Крушево. Ова туристичко востание во изминатите три години му донесе голем развој на Крушево. Со враќањето во минатото, оживеа градот кој до пред неколку години беше во незавидна положба - велат од скопското радио "Бубамара", организатор на манифестацијата.

Меѓу костимираните гости, кои ќе се шетаат низ Крушево како комити и чорбаџии, ќе има естрадни ѕвезди, политичари и многу луѓе од јавниот живот. Национален карактер на манифестацијата ќе ѝ даде настапот на неколку културно-уметнички друштва на свеченото отворање. Свечено обраќање до гостите ќе има Ранко Петровиќ, идеологот на туристичкото востание.

"Крушево етноград" ќе трае две недели. Од крајот на јули до средината на август низ градот ќе се шетаат крушевчани облечени во традиционална облека.

**(М.Џ.)**



Фото: Д.Перковски

*Министерките за внатрешни работи и за култура Гордана Јанкулоска и Елизабета Канческа-Милевска на ланското отворање*